**20262183508**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став (7) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 224/24, 233/24, 87/25 и 51/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 септември 2026 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОТУЃУВАЊЕ, ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП И ЗА ЗАСНОВАЊЕТО НА ПРАВО НА СТВАРНА СЛУЖБЕНОСТ

Член 1

Во Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 163/16, 190/17, 201/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 129/21 и 99/22), во членот 2 во ставот (7) по зборовите „Г-производство, рударство, енергетика и индустрија,“ се додаваат зборовите „Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани,“.

Член 2

Започнатите постапки за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија до денот на влегувањето во сила на оваа уредба ќе продолжат согласно одредбите од оваа уредба.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-7296/4
15 септември 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.